# НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕДНАКВОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
# 2022-2026

Април 2022 година

С О Д Р Ж И Н А:

Листа на кратенки

Вовед

Методологија за изработка на стратегијата

1. Правна рамка

1.1. Меѓународни стандарди

1.2. Национална правна рамка

1.3. Поврзаност на Стратегијата со други стратешки документи

2. Контекст

2.1. Општ осврт на состојбата

2.2. Институционална рамка

2.3. Независни институции

3. Национална стратегија за еднаквост и недискриминација

3.1. Основни принципи и определби

3.2. Области и основи за заштита од дискриминација

3.3. Општи стратешки цели

3.4. Специфични стратешки цели по области

4. Механизми за спроведување, набљудување и оценка

5. Финансирање

Библиографија

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АСЈО | Академија за судии и јавни обвинители |
| АВРСМ | Агенција за вработување на Република Северна Македонија |
| АОПЗ | Агенција за остварување на правата на заедниците |
| АМС | Агенција за млади и спорт |
| БРО | Биро за развој на образование |
| ВРСМ | Влада на Република Северна Македонија |
| ГО | Граѓански организации |
| ДИТ | Државен инспекторат за труд |
| ДПИ | Државен просветен инспекторат |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЗСЗД | Закон за спречување и заштита од дискриминација |
| ИЈЗ РСМ | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија |
| ЗЕМЖМ | Закон за еднакви можности на жените и мажите |
| ЗУЗПЗ | Закон за унапредување и заштита на правата на припадниците за заедниците кои се помалку од 20% во Северна Македонија |
| КЗСД | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МП | Министерство за правда |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| МНР | Министерство за надворешни работи |
| МЗ | Министерство за здравство |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| МК | Министерство за култура |
| МО | Меѓународни организации |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| МПСОЗ | Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците |
| НАП | Национален акциски план |
| НКТ | Национално координативно тело |
| НП | Народен правобранител |
| НСЕН | Национална стратегија за еднаквост и недискриминација |
| ООН | Организација на обединети нации |
| ОБСЕ | Организација за безбедност и соработка во Европа |

| | |
|---|---|
| СП | Социјални партнери |
| ЦОВ | Центар за обука на возрасни |
| СЕП | Секретаријат за европски прашања |
| УДЧП | Универзална декларација за човекови права |
| УПИ | Универзален периодичен извештај |
| УСРСМ | Уставен суд на Република Северна Македонија |
| ОДУ | Органи на државна управа |
| ЕЛС | Единици на локална самоуправа |
| КЕМЖМ | Комисија за еднакви можности на жените и мажите |
| КОПЗ | Комисија за односи помеѓу заедниците |

## ВОВЕД

Со изработката на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 (во натамошниот текст: Стратегијата или НСЕН) Република Северна Македонија продолжува посветено да ги спроведува обврските преземени со ратификацијата и пристапувањето кон меѓународните конвенции и договори во областа на човековите права и слободи, врз основа на начелото на недискриминација.

Стратегијата се надоврзува на претходната Стратегија 2016-2020 и ја изразува подготвеноста на Република Северна Македонија за унапредување на состојбата на еднаквоста и недискриминацијата, потенцирајќи го заедништво низ разликите и едно општество за сите, и ги дефинира целите, активностите, мерките, индикаторите и одговорните институции за нејзино спроведување на централно и локално ниво.

Со усвојување на овој документ кој што е четврти по ред, се воспоставува широка стратешка рамка која ги обединува сите области на делување за постигнување на еднаквост и недискриминација.

Зацртаните мерките и активностите во Стратегијата потврдуваат дека Република Северна Македонија јасно се определува за превенирање и сузбивање на стереотипите, елиминирање на предрасудите и воспоставување еднакви можности и еднаков пристап за сите во сите сфери на јавниот и приватниот живот.

Оваа Стратегија ги зема во предвид сите основи на дискриминација согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација (чл.5 Сл.Весник на РСМ, бр. 258/20 година) и концепциски се однесува на дискриминација во сите области, групирани во: работа и работни односи, образование, наука, спорт и култура, социјална сигурност (заштита, пензиско и инвалидско осигурување и здравство), правосудство и управа и пристап до добра и услуги. Исто така земени се во предвид и препораките од меѓународните организации за човекови права како и извештајот изработен врз база на резултатите од евалуацијата за спроведувањето на НСЕН 2016-2020.

Конкретни задачи и активности на краток и среден рок за унапредување на целите и спроведувањето на мерките ќе бидат одредени во Оперативни планови за две годишен период во кои ќе се утврдуваат приоритети, начинот

на спроведувањето, временската рамка, надлежните институции за спроведување и предвидениот буџет, очекуваните резултати, како и квалитативните и квантитативните индикатори за постигнатиот успех.

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈАТА

Изработката на Стратегијата се реализираше во рамки на проект:" Поддршка на Република Северна Македонија во процесите на почитување на владеење на правото и унапредување на човековите права "кои заеднички го реализираа Министерството за труд и социјална политика и Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Процесот на изработката на Стратегијата се спроведе преку широк консултатиевен и транспарентен процес и опфати анализа на моменталната состојба, преку деск-анализа на документи од законодавството на Република Северна Македонија, меѓународни конвенции, стратешки документи, препораки и извештаи, како и други соодветни истражувања и анализи од полето на еднаквоста и недискриминацијата. Изработката на Стратегијата во голема мера се заснова на наодите од Извештајот од евалуацијата за спроведувањето на НСЕН 2016-2020. Министерството за труд и социјална политика (МТСП) преку Сектор за еднакви можности и Мисијата на ОБСЕ во Скопје кои го координира процесот, преку организирање на консултативни средби кои значеа координација, консултација, ажурирање и споделување знаења со претставници на државни институции и граѓански организации го подготвија нацрт текстот на Стратегијата. Дополнително за подготовка на нацрт текстот на Стратегијата се реализираа повеќе интервјуа, две фокус групи и една јавна дебата.
Стратегијата се заснова на принципите на законитост, јавност, транспарентност, одговорност, отчетност и меѓусекторска соработка.

## 1. ПРАВНА РАМКА

### 1.1. Меѓународни стандарди

Република Северна Македонија посветено работи на подготовки за добивање на датум за пристапување кон ЕУ а еден од предусловите во процесот на пристапување е почитувањето на човековите права, еднаквоста и недискриминацијата.
За таа цел прифатени се и внесени во нашето законодавство голем број на директиви на ЕУ како што се: Директивата за расна еднаквост (2000), Директивата за пристап до добра и услуги (2004), Директивата за еднаквост при вработување (2006), Директивата за родовата еднаквост (2006) и многу други.

Исто така, ратификувани и прифатемни се голем број на конвенции,резолуции и препораки од областа на еднаквите можности, недискриминацијата и родовата еднаквост во рамки на Советот на Европа како што се: Европската конвенција за човекови права (1950); Европска социјална повелба (1961); Препорака бр. R (98)14 за интеграција на родовите прашања; Препорака Rec (2012)6 за заштита и промовирање на правата на жените со попреченост; Препорака Rec (2019)1 за спречување и борба против сексизмот но и многу други.

*Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство на Советот на Европа (Истанбулска конвенција)* е нај сеопфатниот документ во областа на насилство врз жените. Владата на Република Северна Македонија ја ратификуваше во 2017 година а почна да се спроведува во 2018 година. со што започна процесот на нејзина имплементација.

*Препораката за спречување и борба против сексизмот (2019)* истакнува дека сексизмот, како манифестација на историски нееднаквите односи на моќ помеѓу мажите и жените, го попречува јакнењето на жените и девојките, додека родовите стереотипи и предрасуди ги обликуваат нормите на однесување на момчињата и мажите, што води до дискриминирачко однесување и сексистички акти. Препораката е поврзана со Истанбулската конвенција, со тоа што препознава дека сексизмот е дел од континуитетот на насилство со кој се создава атмосфера на заплашување, страв, исклученост, дискриминација и несигурност, со што се ограничува слободата и можностите на жените.

Исто така, Република Северна Македонија како членка на ООН во својот Устав и законска регулатива ги има вградено : Универзалната декларација за човековите права донесена од страна на ОН која претставува основа покрај останатото за донесување на Меѓународниот пакт за граѓански и политички права и Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права. Како и голем број земји членки на ООН и нашата држава ги ратуификуваше темелните конвенции за човекови права како што се :

*Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација на жените (CEDAW/ЦЕДАВ)* која е една од клучните документи за правата на жените.

*Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на ООН* има за цел унапредување,заштита и обезбедување на целосна и еднакво уживање на сите човекови права и основни слободи на сите лица со попреченост како и унапредување и почитување на нивото достоинство.

*Конвенција за укинување на сите форми расна дискриминација* која се однесува на секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство кои се засновуваат врз расата, бојата, предците, националното или етничкото потекло.

*Одредбите од Конвенција за правата на детето* се однесуваат на почитување и обезбедување на правата содржани во Конвенцијата на секое дете под нивна јуриздикција, без каква било дискриминација .
*Конвенција за заштита на човековите права и основни слободи* се однесува на забрана на дискриминација, уживање на правата и слободите признати со оваа Конвенција, треба да се обезбедат без каква било дискриминација заснована врз пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко, или кое било друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло според раѓањето, или кој било друг статус.
*Протокол 12 кон Европската Конвенција за заштита на човековите права и основни слободи* потврдува дека секое право предвидено со закон ќе биде обезбедено без дискриминација врз која било основа.
*Со Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства* нашата државасе се обврза на секој припадник на национално малцинство да му го гарантираат правото на еднаквост пред законот и на еднаква законска заштита. Во тој поглед, се забранува секаква дискриминација заснована врз припадност на национално малцинство.

### 1.2. Национална правна рамка

Правото на недискриминација и на еднаквост е содржано во членот 9 од **Уставот на Република Северна Македонија,** каде што се содржани основните слободи и права на човекот и граѓанинот: „Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и во правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, од националното и социјалното потекло, од политичкото и верското уверување, од имотната и општествената положба".

**Законот за судовите** утврдува дела целите и функциите на судската власт, меѓу другото, опфаќааст: обезбедување еднаквост, рамноправност, недискриминација по кој било основ и обезбедување правна сигурност врз основа на владеење на правото. Секој има право на еднаков пристап пред судот во заштитата на неговите права и правно заснованите интереси.

Во остварувањето на правата на пациентите, согласно **Законот за заштита на правата на пациентите** се забранува дискриминација заснована врз полот, расата, бојата на кожа, врз јазикот, верата, врз политичкото или кое или кое било друго мислење, врз национално или социјално потекло, врз припадност на национално малцинство, врз материјална положба, врз потеклото според раѓање, врз сексуална ориентација, или друг статус.
Исто така, во остарувањето на правата од социјалната заштита утврдени со **Законот за социјалната заштита,** се забранува директната, или индиректната дискриминација по основа на полот, расата, бојата на кожата,

врз националната, етничка, социјална, политичка, верска, културна, јазична, имотна и општествена припадност.

Се забранува секаков вид директна, или индиректна дискриминација и малтретирање во остварувањето на правата и на сите облици на заштита на децата, а тие се утврдени со **Законот за заштита на децата.**

Целта на **Законот за заштита од вознемирување на работното место** е спречување и заштита од психичко и полово вознемирување на работното место, односно местото на работа и обезбедување на здрава работна средина.

Во **Законот за работните односи** се вградени одредби за **забрана на дискриминација** (членот 6 од законот) при што се утврдува ништовност на одредбите на колективните договори и договорите за вработување со кои се утврдува дискриминација на некој од основите од овој член. Се определуваат директната и индиректната дискриминација, како и исклучоците од забрана на дискриминација, а се дефинира и поимот вознемирување и полово вознемирување.

Цел на **Законот за еднакви можности на жените и мажите** е воспоставување на еднаквите можности на жените и на мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и која било друга област од општествениот живот.

Со Рамковниот договор и со Амандманите на Уставот од 2001 година, значајна е надлежноста на **Народниот правобранител** во заштитата од дискриминација. Имено, согласно Амандманот 11 на Уставот: "Народниот правобранител особено внимание посветува на заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државна власт, во органите на единиците на локална самоуправа и во јавните служби."[1]

Во функција на операционализација на Уставната надлежност, во 2003 година се донесе нов **Закон за Народниот правобранител**. Согласно членот 2 од Законот: Народниот правобранител е орган на Република Македонија кој ги штити уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица кога им се повредени со акти, со дејства и пропуштања на дејства од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања и кој презема дејствија и мерки за заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците

на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и јавните установи и служби."

*Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство на Советот на Европа (Истанбулска конвенција)* е нај сеопфатниот документ во областа на насилство врз жените. Владата на Република Северна Македонија ја ратификуваше во 2017 година а почна да се спроведува во 2018 година. со што започна процесот на нејзина имплементација.

*Препораката за спречување и борба против сексизмот (2019)* истакнува дека сексизмот, како манифестација на историски нееднаквите односи на моќ помеѓу мажите и жените, го попречува јакнењето на жените и девојките, додека родовите стереотипи и предрасуди ги обликуваат нормите на однесување на момчињата и мажите, што води до дискриминирачко однесување и сексистички акти. Препораката е поврзана со Истанбулската конвенција, со тоа што препознава дека сексизмот е дел од континуитетот на насилство со кој се создава атмосфера на заплашување, страв, исклученост, дискриминација и несигурност, со што се ограничува слободата и можностите на жените.

**Со Законот за спречување и заштита од дискриминација** се уредуваат превенцијата и зштитата од дискриминација, облиците и видовите на дискриминација, постапките за заштита од дискриминација, како и составот и работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Цел на овој закон е обезбедување на принципот на еднаквост и спречување и заштита од дискриминација во остварување на човековите права и слободи.

Со **Кривичниот законик** се гарантира **кривично правна заштита од дискриминација.** Имено, во Кривичниот законик се содржани следните кривичните дела: повреда на рамноправноста на граѓаните, загрозување на сигурноста, предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост.

Во новиот Закон за основно образование, кој се имплементира од учебната 2019/2020 година, опфатена е заштитата од дискриминација и промоција на еднаквост во училиштата, како меѓу учениците така и кон наставниот кадар и вработените во училиштата и родителите. **Законот за основното образование е усогласен со ЗСЗД.**

Во Член 3 во Законот за средното образование се регулира задолжителното образование за секој граѓанин/ка, под еднакви услови утврдени со овој закон. Средното образование во јавните средни училишта е бесплатно и не се дозволени дискриминации засновани на пол, раса, боја на кожата, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотната и општествената положба.

### 1.3. Поврзаност на Стратегијата со други стратешки документи

Националната стратегија за еднаквост и недискриминација е клучниот стратешки документ во националната политика за еднаквост и недискриминација. Истата е во корелација со следните стратешки документи:

*Стратегијата за едно општество и интеркултурализам 2020-2022* во која еден од приоритетите е „унапредување на општествената кохезија и интеграција со обезбедена родова еднаквост, недискриминација и еднакви можности по основа на сите различности “.

Исто така еднаквоста и недискриминацијата имаат значајно место во Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2020-2024 година. Така во однос на начелото на “Еднакво општество за сите” се потенцира вербата и посветеноста во вредностите на толеранцијата, правичноста, еднаквите можности, признавање на различностите, во мултикултурализмот и интеркултурната комуникација. Во таа насока ВРСМ ќе продолжи да ја имплементира и Стратегијата за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост

*Стратегијата за образование 2018-2025* со Акцискиот план ги одредува насоките за развој на образованието до 2025 година, Акциски план за ревизија на учебниците 2018-2025 год. Покрај тоа, Владата на Република Северна Македонија усвои и *Стратегија за образование на возрасни 2019-2023.*

*Националната стратегија за млади 2016-2025* се стреми кон утврдување на посебни мерки за искоренување на родово базираното насилство во училиштата и обезбедување бесплатни здравствени услуги за млади девојки и жени.

*Регулаторната стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност 2019-2023* на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги содржи содржини за подигнување на свеста за еднаквоста и недискриминацијата со посебен акцент сезиблилизирање за родовите прашања кај медиумските работници.

Една од целите на Стратегијата за Реформа на правосудниот сектор со Акциски план 2017-2022 година претставува доследна примена на Европската конвенција за човековите права и другите меѓународни конвенции за човековите слободи и права.

**Интер-секционалноста како начело**

Интер-секционалноста е теоретска рамка која ги опфаќа различните аспекти од човековиот идентитет кои се меѓусебно поврзани и испреплетени на различни нивоа и димензии.

Во Република Северна Македонија единствениот начин на кој се адресира повеќекратната и интер-секциската дискриминација е преку работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

## 2. КОНТЕКСТ

### 2.1. Општ осврт на состојбата

Ефектите предизвикани од последиците со ковид-19 претставуваа исклучителен предизвик за почитувањето и заштитата на човековите права во Република Северна Македонија. Особено најосетливи на оваа криза се маргинализираните групи кои и и пред ковид кризата биле изложени на чести прекршувања на нивните права без соодветна и ефикасна заштита.

Во едни вакви услови на функционирање на државните институции на централно и локално ниво преку мобилизирање на стручната јавност, граѓанските и меѓународните организации во октомври 2020 се донесе Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на РСМ, бр. 258 од 30.10.2020 година). Согласно изработениот "Извештај од спроведената евалуација на Стратегијата 2016-2020" за првата стратешка цел забележан е одреден напредок во одредени области како што е законската регулатива особено донесувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација. Исто така резултатите од евалуацијата покажуваат **дека националното законодавство е усогласено со меѓународните стандарди** и е унапредена законската регулатива и тоа во областа на образование и наука, здравство, култура, судство, пристап до добра и услуги. Сепак остануваат и поголем дел на законски решенија кои е потребно да се усогласат со ЗСЗД.

Во оваа насока Министерството за труд и социјална политика во соработка со Европската унија и Советот на Европа во рамки на проект работи на подготвка на препораки за хармонизација на 12 закони со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Законите коишто се опфатени во оваа активност се: Закон за научно-истражувачката дејност; Закон за основното образование; Закон за средното образование; Закон за високото образование; Закон за семејството; Закон за спортот; Закон за социјалната заштита; Закон за работните односи; Закон за заштита на децата; Закон за пензиското и инвалидското осигурување; Закон за здравствената заштита и Закон за здравственото осигурување.
Со цел хармонизација на законите со Законот за спречување и заштита од дискриминација Владата на Република Северна Македонија донесе заклучок со кој ги задолжи сите одговорни министерства да почнат со процесот на хармонизација имајќи го во предвид членот 48 од овој закон.

Во 2021 година се донесе нов Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство („Службен весник на РСМ“бр. 24 од 29.1.2021) со кој се проширува системот на превенција и заштита од сите облици на родово базирано и семејно насилство, во согласност со стандардите од Истанбулската конвенција и истиот е усогласен со ЗСЗД.

Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција со кој се уредува правното признавање на родот е во собраниска постапка на донесување и истиот ќе биде усогласен со ЗСЗД.

**Законот за паричен надоместок на жртви на криминал од насилство** подготвен од Министерство за правда, во моментот на подготовката на нацрт текстот на Стратегијата, се наоѓа во собраниска процедура.

Во овој период се подготовува нов Закон за работните односи, Закон за родова еднаквост и Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од вознемирување на работно место што, меѓу другото, ќе бидат усогласени со Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во однос на спроведувањето на Стратегијата од страна на јавните органи, наодот од евалуацијата говори дека истите и покрај тоа што имале обврска за промоција на еднаквоста, не успеале соодветно да ја приближат Стратегијата и да ги стимулираат засегнатите страни за соработка во спроведувањето на поголем дел од активностите предвидени во истата. За поздравување е ангажираноста на дел од граѓанските организации кои што придонесоа во имплементација на серија активности во однос на сите стратешки цели и во повеќе области од Стратегијата 2016-2020. Но, најголем дел од оние граѓански организации кои го дале својот придонес, биле вклучени и во процесот на подготовка на Стратегијата и последователно, имаат стратешки партнерства со дел од институциите и се вклучени во тематски работни групи за измени и дополнувања на законодавството во специфични области.

По донесувањето на ЗСЗД формирана е Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД). Новиот состав на Комисијата е избран во јануари 2021 година. Од основањето, КСЗД постапувала по вкупно 167 поднесени претставки. Од нив 77 претставки биле поднесени до поранешната комисија во периодот од 2016 година заклучно и вклучително со 2020 година. Останатите 90 претставки се поднесени во 2021 година и се доставени до новата комисија основана со ЗСЗД.Податоците укажуваат дека најголем број на подносители на претставки биле физичките лица со вкупно 101 претставки (60,48%). Потоа следат поднесоци од страна на правни лица 55 (32,93%), а 9 претставки биле поднесени од група на граѓани (5,39%). Дополнително, КСЗД во 2021 година по допрен глас иницирала 2 постапки за утврдување на дискриминација (1,20%).

167 претставки по кои постапувала КСЗД во 2021 година, во 84 случаи (50,30%) подносителите пријавиле потенцијална дискриминација на една конкретно наведена основа. Во 55 случаи (32,93%) подносителите навеле дека биле

дискриминирани на две или повеќе основи истовремено. КСЗД регистрира и 28 претставки (16,77%) во кои не била конкретно наведена основата на дискриминација.
Во однос на основите на дискриминација, подносителите во своите претставки најчесто пријавувале дискриминација врз основа на лично својство или општествен статус (44), потоа врз основа на национална или етничка припадност (38), врз основа на пол (23), политичко уверување (20), припадност на маргинализирана група (19), образование (17), раса (15), сексуална ориентација, родов идентитет и социјално потекло (14) итн. Подносителите во 18 претставки навеле и друга дискриминаторска основа која не се споменува во член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.
Комисијата постапувајќи по поднесените претставки утврдила дискриминација во 40 случаи, додека кај 39 се утврдило дека нема основ за дискриминација. За 10 поднесени претставки Комисијата донела заклучок за непостапување, неповедување или запирање на постапката, а 41 претставки биле отфрлени поради утврдена ненадлежност, неуредност, застареност и недопуштеност. За 37 претставки постапката е во тек и тие се водат како отворени предмети.
КСЗД подготви Стратешки план за 2021 – 2026 во кој се дефинирани основните цели и насоки кои се планираат да се реализираат во периодот кој претстои како и визијата, мисијата и вредностите според кои ќе се води. Стратешкиот план е во согласност со надлежностите на КСЗД кои произлегуваат од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

**Министерството за надворешни работи** презема активности во насока на промоција и почитување на принципот на заштита од секаков облик на дискриминација, преку активностите во рамки на институцијата, како и на меѓународен план.Во однос на меѓународно преземени обврски согласно и пристапувањето кон договорените тела за човекови права, во тек е подготовка на Национален извештај на Република Северна Македонија по Конвенцијата за елиминација на расна дискриминација, која се очекува да биде поднесен до надлежниот Комитет на Обединетите Нации до крајот на годинава.
Во **Министерството за образование и наука** е во изработка Информацијата за преземени неопходни чекори, вклучително и преку примена на Законот за основното образование и Законот за заштита на децата, за зголемување на уписот и посетеноста на ромските деца и децата со посебни потреби во редовниот училиштен систем, особено во предучилишно и основно ниво.

Исто така согласно одредбите од ЗСЗД кои се однесуваат на образование, наука и спорт, секторот за високо образование во МОН, презема активности

и тоа со една цел квалитетно и инклузивно високо образование и студентски стандард, образованието секогаш да биде во функција на личности кои ги почитуваат и негуваат граѓанските права, толеранцијата, различноста, воспитувањето во духот на мултикултурализмот и оспособување за потребите на пазарот на трудот, како и унапредување на превенцијата и заштитата од насилство и дискриминација во високото образование.

Согласно чл. 66 с. 3 од Законот, Бирото за развој на образованието склучи Меморандум за соработка со ГО “Коалиција Маргини” со цел изготвување подзаконски акт за постапката за пријавување и заштита на ученик-жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. Во таа насока, донесено е Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било форма на насилство, злоупотреба и занемарување.

МОН и МТСП продолжуваат со континуирани активности на ревизија на учебниците и во оние случаи кога се утврдува постоење на дискриминаторски содржини, се издаваат препораки за надминување на состојбата констатирани во изработените анализи на наставни содржини и учебници од 2017 год.

Во месец март 2021 г. донесена е нова Концепција за основно образование, која сукцесивно се воведува од учебната 2021/2022 година. Концепцијата се потпира на инклузивноста, родовата сензитивност/рамноправност и интеркултурноста како клучни принципи. Концепцијата има и посебно поглавје наречено ***Инклузивност, родова сензитивност/рамноправност и интеркултурност.*** За прв пат се изработени и донесени Национални стандарди за постигањата на учениците на крајот на основното образование, во кои се вклучени и трансверзални компетенции и/или компетенции поврзани со определени предметни подрачја. Во предложениот законски текст на Законот за стручно образование и обука кој е во собраниска постапка на донесување вметнат е посебен член **Инклузивност во стручното образование и обука** Компетенциите за препознавање и забрана на дискриминација по било кој основ се составен дел од подрачјата личен и социјален развој и Општество и демократска култура.

Врз основа на концепцијата и националните стандарди донесени се нови наставни програми и наставни материјали за прво и четврто одделение. Во текот на целиот процес на изработка на наставните програми, работните групи се консултираа и со експерти од области на коишто се темели новата Концепција: родовата еднаквост и недискриминација, инклузивноста и мултикултурализмот. Наставните содржини се избрани така што водат сметка и на девојчињата и на момчињата да им обезбедат позитивни модели за идентификација кои не се ограничени од традиционалните родови улоги.

Новите наставни програми за прво и четврто одделение вклучуваат и релевантни компетенции од подрачјето Општество и демократска култура на Националните стандарди (пр. да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основ, да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација). Исто така важно е да се напомене дека МОН изработи Стратегија за образование и Акцискиот план за ревизијата на учебниците 2018-2025 усвоена од Владата на Република Северна Македонија.

**Министерство за правда** работи на нов Кривичен законик и истиот ќе биде усогласен со ЗСЗД.

Во рамките на надлежностите на **Министерството за внатрешни работи**, при спроведувањето на постапките утврдени во соодветни закони, предвидена е забрана за дискриминација, имено во различни сегменти инкорпорирани се одредби што се однесуваат на заштита од дискриминација кои во својата содржина не ги опфаќаат во целост со дискриминаторската основа предвидена во членот 5 од новиот ЗСЗД. Во Законот за внатрешни работи и Законот за полицијата, предвидени се одредби со кои се гарантира родовата еднаквост при вработување во министерството односно во полицијата. Во законот за внатрешни работи предвидена е и одредба со која се регулира забрана на дискриминација во постапката за унапредување на вработените во министерството.

Законот за гранична контрола во членот 8 кој се однесува на почитување на човековото достоинство во ставот 3 е предвидено дека во текот на вршењето на граничната контрола полициски службеници не смеат да прават дискриминација по однос на пол, расна или етничка припадност, боја на кожа, возраста, национална припадност, социјално потекло, верското уверување, неспособноста или сексуална определба, имотната и општествена положба. Истовременото во Законот за странци во член 157 предвидена е забрана за отстранување на странец во држава во која неговиот живот или слобода би биле во опасност поради неговата раса, вера, националност, припадност на социјална група или политичко уверување.

Министерството за информатичко општество и администрација во изминатиот период работеше на изготвување на нови предлог решенија за административни службеници и за вработените во јавниот сектор, усогласувајќи ги со новиот концепт на висока раководна служба. Предлог верзиите на овие три законски решенија и тоа Законот за административни службеници, Закон за вработените во јавниот сектор и Закон за раководна служба на 17.09.2021 година, се објавени на единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Северна Македонија.

Изработени се и нацрт текстови на : Упатството за промоција на еднаквоста кое ќе се применува од страна на јавна администрација, а се пристапи и кон измени на Кодексот за администрација со внесување на одредби за промоција на еднаквоста и недискриминацијата, како и Нацрт-

Методологија за собирање на податоци што се покажа како исклучително комплексен процес.

**Законот за одбрана** и **Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија** не се во спротивност со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Истите содржат стриктни одредби за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците и за грижата за родовата перспектива во областите утврдени во членот 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

**Законот за вработување на инвалидни лица** двапати е дополнуван со цел негово усогласување со меѓународната регулатива и имплементација на начела и одредби од ратификуваната Конвенција за правата на лицата со попреченост (за степенот на усогласеност и е ефектите од истото е потребна понатамошна анализа).

Со цел да ја подобрат реализацијата на човекови права во земјата и да ја обезбедат обврската на земјата членка во поглед на недискриминацијата и еднаквоста како што се втемелени во Конвенцијата за правата за лицата со попреченост и Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, во текот на 2019 година извршена е промена и дополнување на одредбите од Законот за заштита на правата на пациентите.

Примарната обврска за остварување на таква промена е зајакнување на обврската за почитување, заштита и исполнување на човековите права и надминување на бариерите за целосно остварување на правото на здравствената заштита на лицата со попреченост.

Покрај тоа, согласно став 2 од истиот член, на пациентот му се обезбедува право на остварување на правата утврдени со овој закон без дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Со цел за унапредување на правата на пациентите и нивната заштита и унапредување на правата на пациентите кои се лица со попреченост и жени жртви на насилство извршена е промена на законските одредби, односно извршено е зголемување на бројот на членови на Државната комисија за унапредување на правата на пациентите и Комисија за унапредување на правата на пациентите на општината и градот Скопје со претставници од здруженијата за заштита на правата на пациентите, претставници од здруженија што се занимаваат со човечките права и граѓанските

иницијативи, од здруженијата за заштита на жените жртви на насилство и здруженијата за заштита на правата на лицата со попреченост.

Се преземаат мерки за реформирање на системот на евиденција во матичните книги на родени, венчани и умрени, со цел да се пресретнат брзите промени на современите текови во областа. Измената се предлага, од страна на Министерството за правда, поради тоа што Владата на Република Северна Македонија го повлече Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција

Република Северна Македонија, во 2021 година бележи најголем скок во подобрувањето на состојбата со ЛГБТИ-правата. Според индексот на ИЛГА Европа од 2021 година за напредокот на земјите во однос на ЛГБТИ-правата, Северна Македонија има подобрување во слободата на собирање што го рефлектира унапредувањето на безбедноста на јавните настани поврзани со ЛГБТИ-правата. Ваквата оценка доаѓа непосредно по организирањето на Парадата на гордоста во 2019 година, серија настани во рамките на Викендот на гордоста во 2019 и 2020 година, кои поминаа без инциденти во јавниот простор, со исклучок на говорот на омраза присутен на социјалните мрежи непосредно пред и за време на одржувањето на овие настани.

## 2.2. Институционална рамка

**Собранието на Република Северна Македонија**, е законодавна институција, која е одговорна за донесување и изменување на Уставот (во кој пак се поставени основите за концептот на еднаквост и недискриминација), како и на сите закони. Покрај тоа, Собранието ги избира и членовите на независните државни институции (НП и КСЗД), членовите на Уставниот суд и Судскиот совет.

Во рамките на Собранието, како негови работни тела, функционираат повеќе комисии, од кои најзначајни за ова прашање се: Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот (општо надлежна за прашања на човековите права), Комитетот за односи меѓу заедниците (фокусиран на проценка на примената на двојното мнозинство при гласањето на законите, правичната и соодветна застапеност, како и дискриминација по основа на етничка припадност), Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (формирана за промоција и следење на родовата еднаквост во сите полиња на општественото живеење) и Комисијата за труд и социјална политика (матична комисија за сите законски предлози од оваа област).

**Претседателот на Република Северна Македонија**, иако нема директни обврски, како претставник на Републиката, треба да ги штити и промовира вредностите утврдени во Уставот, вклучително и еднаквоста и недискриминацијата.

**Владата на Република Северна Македонија** ги разгледува и усвојува предлозите на законите, националните стратегии и акциски планови кои ги доставуваат ресорните министерства, ја следи имплемнтацијата на истите и постапува во случај на констатирани повреди на човековите права, вклучително и особено кога тие се направени од самите државни органи.

**Секретаријатот за европски прашања** го следи процесот на хармонизација на европското законодавство преку транспонирање на ЕУ директивите во националната регулатива.
**Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците** ги врши работите што се однесуваат на: функционирање на политичкиот систем, обезбедување и координација на поддршка на Владата во реализација на стратешкиот приоритет поврзан со обврските кои произлегуваат од Рамковниот договор.

**Министерство за труд и социјална политика** е клучно министерство на полето на законодавството од областа на еднаквоста, недискриминацијата и еднаквите можности. Министерството има активна улога во иницирање, изработка и спроведување на закони, програми, политики и активности во подигнувањето на свеста за човековите права, еднаквоста и недискриминацијата како и родовата еднаквост во институциите на централна и локално ниво.

**Уставен суд**

Уставниот суд на Република Северна Македонија претставува самостоен орган на Републиката за заштита на уставноста и законитоста. Секој граѓанин или група на граѓани кои сметаат дека им се повредени човековите права вклучувајќи ја и дискриминацијата согласно чл.9 од Уставот може да се обратат за заштита на нивните права.

### 2.3. Независни институции

**Комисија за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД)**
Согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2020 год. формирана е КСЗД која има примарната улога за заштита од дискриминација и во таа насока презема активности за промоција, заштита и превенција за еднаквоста, човековите права и недискриминацијата; го следи спроведувањето на овој закон и дава мислења и препораки; ги

промовира принципот на еднаквост, правото на недискриминација и справувањето со сите форми на дискриминација преку зголемување на јавната свест, информирање и едукација.

**Народен правобранител**

Канцеларијата на Народниот правобранител како институција е формирана пред формирањето на КСЗД и граѓаните повеќе ја препознаваат како институција каде можат да поднесат преставка за повредени права и има подобра инфраструктура односно е достапна и на локално ниво преку отворени шест регионални канцеларии, специјализиран оддел за недискриминација и соодветна и правична застапеност, но со потесен мандат да постапува само кога се повредени правата од страна на органите на државната управа и од страна на други тела и организации кои имаат јавни овластувања.
Народниот правобранител нема надлежност да постапува во случаи во кои наводниот дискриминатор е приватен субјект. Во такви случаи лицето може да поднесе претставка до КЗД.

Покрај НП и КЗСД, за прашањата поврзани со дискриминација по основ на етничка припадност е значајна и **Агенцијата за остварување на правата на заедниците**, основана согласно со закон. Агенцијата се грижи за реализација на основните принципи кои произлегуваат од Охридскиот рамковен договор (и Уставот), а кои се однесуваат на заштитата на правата на припадниците на помалите етнички заедници под 20%. Агенцијата особено внимава на доследна примена на начелото на соодветна и правична застапеност.

**Локална самоуправа**

Главни консултативни тела за прашањата на еднаквост и недискриминација во ЕЛС се Комисиите за односи меѓу заедниците задолжителни за општини во кои што најмалку една заедница од немнозинските заедници во општината е застапена со над 20%.
Согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите во рамки на советите на општините се формираат Комисиите за еднакви можности на жените и мажите кои дискутираат и предлагаат активности за еднаквите можности на жените и мажите но и за прашања генерално поврзани со еднаквоста и недискриминацијата. Исто така, во рамки на општинската администрација согласно ЗЕМЖМ назначени се одговорни лица координатори за еднакви можности на жените и мажите кои се одговорни за започнување и спроведување на иницијативи од областа на еднаквите можности, еднаквоста и недискриминацијата на локално ниво.

**Социјални партнери**

Главни социјални партнери се здруженијата на работници и работодавачи, како и акдемската јавност и поширокиот граѓански сектор, вклучително и верските заедници.  Здруженијата на работници и работодавачи се едни од значајните партнери во заштитата на правата на работниците, посебно од дискриминаторски постапувања а особено од аспект на превземање на првични постапки при евентуална дискриминација и упатување до надлежните иститутции.

**Граѓански организации**

Развојот и учеството на ГО е од исклучителна важност за демократските вредности на една земја и поттикнување на граѓанската свест. Улогата и придонесот на ГО во нашата држава има огромна улога во промовирањето и градењето на демократската култура на сите општествени нивоа и е израз на соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и ГО со цел ефикасно да се одговори на предизвиците на земјата на планот на воспоставување еднаквост и недискриминација.

**Медиуми**

Медиумите играат огромна улога во запознавањето на пошироката јавност за значењето на човековите права и за начините на кои тие права можат да се прекршат. Во оваа насока многу важни фактори во спроведување на оваа активност се уредниците кои ја креираат уредувачката политика и затоа потребно е и понатаму да се јакне соработката со истите на планот на нивна едукација за превенција на стереотипни и дискриминаторски содржини.

**Меѓународни организации**

Меѓународните организации кои имаат свои канцеларии во нашата држава како што се агенциите на ООН, Делегацијата на ЕУ, Мисијата на ОБСЕ во Скопје, дипломатските и конзуларните претставништва, како и меѓунардоните невладини организации и консултантски фирми ги поддржуваат институциите и ГО во покрај останатото и во  поддршка  и промоција на меѓународните стандарди во областа на човековите права,еднаквоста  и недискриминацијата.

## 3.НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕДНАКВОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

**Визија**

Остварување на човековите права и воспоставувањето на еднаквите можности и недискриминација за сите граѓани и граѓанки на Република Северна Македонија во сите области од општественото живеење, земајќи го во предвид и принципот на интерсекционалност и родово-трансформативниот пристап.

**Мисија**

Ефикасна превенција и заштита од дискриминација преку почитување на принципот на еднаквост и забраната на дискриминација на било кое лице и/или група на лица, врз основа на нивните лични карактеристики, особено ранливите социјални групи (етничките заедници, жени и девојки, ЛГБТИ лицата, лицата со попреченост, стари лица, деца, бегалци, лица со понизок социјален статус, внатрешно раселени лица, како и други ранливите групи, членови на верски заедници и секое лице коешто е третирано различно без оправдани причини и легитимна цел).

### 3.1. Основни принципи и определби

**Партиципативна демократија – консултации**

Владата на Република Северна Македонија треба да ги консултира групите корисници во однос на нивните потреби и приоритети, како и за потенцијалните решенија и соодветните активности. Неминовно е во едно демократско општество, првенствено заради обезбедување на спроведливоста на политиките и дејствувања со холистички приод во решавањето на проблемите и надминувањето на недостатоците, да се обезбеди и учество на сите социјални партнери, на граѓанските организации и на медиумите, како заради хетерогеност, така и заради обезбедување на функционирањето на системот на проверка и отчетност.

**Партнерство и соработка**

Искуството стекнато во спроведувањето на претходните политики и мерки за обезбедување на еднаквост и недискриминацијата, покажаа дека посветеноста, соработката, партнерството и примената на начелото на партиципативност на сите чинители од економскиот, социјалниот и политичкиот живот е од исклучително значење во заложбите за постигнување на еднаквост, недискриминација и рамноправност.

**Одговорност**

Владата на Република Северна Македонија и ГО се одговорни и надлежни за дефинирање на целите и активностите. Институциите на централно и локално ниво се одговорни за спроведувањето на активностите и воспоставување на еднаквост и недискриминација и ефикасно справување со дискриминацијата во сите области. Истовремено Владата на Република Северна Македонија и ЕЛС се одговорни за обезбедување на финансиски средства за имплементација и одржливост на резултатите.

### 3.2. Области и основи за заштита од дискриминација

Оваа стратегија ги зема во предвид сите основи на дискриминација и концепциски се однесува на дискриминација во сите области, групирани по специфични стратешки цели во областите на: работа и работни односи, образование, наука, спорт и култура, социјална сигурност (социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување и здравство), правосудство и управа и пристап до добра и услуги.

### 3.3. Општи стратешки цели

Општата цел на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација е ефикасно спроведување на активности за превенција и заштита од дискриминација со цел да се подигне степенот на остварување на човековите права, еднаквост и недискриминација.

| Стратешка цел 1: Унапредување на правната рамка за еднаквост и недискрминација<br><br>Моментална состојба:<br>Податоците од спроведената евалуација на НСЕН 2016-2020 покажуваат дека законската регулатива од областа на еднаквоста и недискриминацијата не е целосно усогласена со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Посебно е важно да се стави акцент на закони кои најмногу се однесуваат на ранливите групи кои се најподложни на дискриминација како лицата со попреченост, децата од ромска етичка заедница и сл. | | | |
|---|---|---|---|
| **Активност** | Одговорни институции | Индикатори | **Временска рамка** |
| **Ратификација на меѓународни правни инструменти од областа на еднаквоста и недискриминацијата** | МНР, МТСП, МОН, МВР, МП, МИОА, МЗ, АМС, МК МЗШВ, МЖСПП | **Број на ратификувани меѓународни конвенции од областа на еднаквоста и недискриминацијата** | 2020-2022 |
| | МНР, МТСП | **Усвоен Закон за ратификација на третиот Факултативен протокол кон Конвенцијата за правата на детето** | 2022-2026 |
| | МНР, МТСП | **Усвоен Закон за ратификација на факултативиот протокол кон Европската социјала повелба** | 2022-2026 |
| | МНР, МОН, | **Усвоен Закон за ратификација на Повелбата за малцински јазици** | 2022-2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | МНР, МТСП | **Усвоен Закон за ратификација на Конвенцијата 190 на МОТ за спречување насилство и вознемирување на работа** | 2022-2026 |
| **Измена и дополнување на законската регулатива од областа на еднаквоста и недискриминацијата** | МТСП, КСЗД, ГО, НКТ | Изменет и усогласен Закон за спречување и заштита од дискриминација од 2020 согласно анализи и препораки на КЗД | 2022-2026 |
| **Измена и дополнување на законската регулатива од областа на еднаквоста и недискриминацијата** | НП | Изменет и усогласен Закон за народен правобранител | 2022-2026 |
| **Усвојување на Упатсво за промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација кое е наменето за јавната администрација** | МТСП, НКТ | Усвоено и спроведено упатсво | 2022-2026 |
| **1.1.Специфични статешки цели-работа и работни односи** | | | |
| **Измена и дополнување на Закон за вработување на инвалидни лица** | **МТСП, СП, ГО** | **Внесени одредби и начела од Конвенција за права на лицата со хендикеп** | 2022-2026 |
| **Усогласување на Законот за работни односи со ЗСЗД** | **МТСП, КСЗД, НКТ, СП, ГО** | **Усогласен Закон за работни односи** | 2022-2026 |
| **Измена и дополнување на Законот за волонтерство** | **МТСП, ГО** | **Усогласен со ЗСЗД** | 2022-2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Спроведување на подзаконски акти за приватните агенции за вработување** | **МТСП** | **Анализа, резултати за вградениот принцип за недискрим** | **2022-2026** |
| Закон за вработувањето и осигурување во случај на невработеност | МТСП | -Закон за вработувањето и осигурување во случај на невработеност со ЗСЗД | 2022-2026 |
| Измена и дополнување на Закон за вработување на странци | МТСП | - Усогласен со Закон за престој на странци и со ЗСЗД и Закон за работните односи | 2022-2026 |
| Измена и дополнување на Законот за заштита од вознемирување на работно место | МТСП | Усогласен со ЗСЗД | 2022-2023 |
| **1.2. Специфични стратешки цели - Образование, наука, спорт и култура** | | | |
| Усогласување на Законот за основно образование со ЗСЗД | МТСП во соработка со МОН | - Изготвен нов Правилник за категоризација на децата со посебни потреби | 2022-2026 |
| Усогласување на Законот за средно образование со ЗСЗД | МОН, БРО, МТСП, Центар за стручно образование и обука | Вградени одредби за надминување на сегрегација на децата Ромска етничка заедница -Усогласени професионални квалификации со кои се стекнуваат децата во средните стручни училишта за деца со посебни потреби со пазарот на труд -изготвен правилник за категоризација на децата со посебни потреби | 2022-2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Усогласување на Законот за високото образование со ЗСЗД | МОН, БРО | - Донесена Уредба за правото на лицата со попреченост и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање | 2022-2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Измени и дополнување на Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали | МОН, БРО | - Изработен предлог закон во кој се внесени одредбите од ЗСЗД.<br>-Подготвено одобрување за употреба на учебници и други дидактички материјали во која ќе учествуваат претставници од ГО со минимум 10 год. искуство во обласа на недискриминацијата, чове кови права и родова еднаквост | 2022-2026 |
| Измени и дополнување на Законот за<br>Педагошката служба | МОН, БРО | -Број на реализирани советодавни работилници за сензибилизирање на вработените во основните и средните училишта | |
| Измени и дополнување на Законот за спорт | МП, АМС | - Усогласен со ЗСЗД во однос на основите од дискриминација | 2022-2026 |
| Измени и дополнување на Закон за образование на возрасни | МОН, БРО, ЦОВ | -Вградени одредби за воспоставување на систем на образовна рехабилитација во склоп на систем на доживотно учење. | 2022-2026 |

| **1.3. Специфични стратешки цели - Социјална сигурност (заштита, пензиско и инвалидско осигорување и здравство)** | | | |
|---|---|---|---|
| Усогласување на Законот за социјална заштита со ЗСЗД | МТСП | - Вградени одредби за афирмативни мерки за најранливите категории на лица кои се повеќекратно дискриминирани. | 2022-2026 |
| Измени и дополнување на Законот за семејство | МТСП | - Усогласен со ЗСЗД - Усогласен со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост | 2022-2026 |
| Измени и дополнувања на Закон за знаковен јазик | МТСП | - Вградени одредби за примена и во приватниот сектор | 2020-2022 |
| Измени и дополнување на Законот за пензисоко и инвалидско осигурување | МТСП | - Усогласен со ЗСЗД | 2022-2026 |
| Измени и дополнување на Законот за воени инвалиди | МТСП | - Усогласен со ЗСЗД<br>- Вградени одредби за надминување на дискриминација по основ на пол за семејна пензија | 2022-2026 |
| Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства | МВР | - Усогласен со ЗСЗД | 2022-2026 |
| Измени и дополнување на Закон за здравствена заштита | МЗ | - Усогласен со ЗСЗД | 2022-2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Измени и дополнување на Закон за здравствено осигурување | МЗ | - Усогласен со ЗСЗД<br>- Вградени одредби за афирмативни мерки за здравствена заштита на лицата кои немаат здравствено осигурување и на лицата без документи. | 2022-2026 |
| Измени и дополни на Закон за Биомедицинско потпомогнато оплодување | МЗ | - Вградени одредби за еднакви услови за корисниците по основ на брачна состојба | 2022-2026 |
| Измени и дополни на Закон за заштита на правата на пациентите | МЗ | - Вградени одредби за имплементација на законот по принципот на еднаков третман | 2022-2026 |
| Измени и дополнувања на Законот за прекинување на бременоста | МЗ | Усогласување со ЗСЗД при постапката на одобрување и извршување на прекин на бременоста | 2022-2026 |
| **1.4. Специфични стратешки цели - правосудство и управа** | | | |
| Измени и дополнување на Закон за вештачење | МП | - Усогласен Законот за вештачење со Законот за спречување и заштита од дискримиацијa во однос на дискриминаторската основа | 2022-2026 |
| Изработка на анализа за утврдување на потребата за измена на Закон за медијација и /или подзаконскиот акт за полагање на испит за медијација на лицата со попреченост | МП | -Изработена анаиза за утврдување на потребите за измена на Законот за медијација и/или подзаконскиот акт за полагање на испит за медијација за лицата со попреченост; | 2022-2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Изработка на анализа за утврдување на потребата за измена на Закон за правосудниот испит и/или подзаконскиот акт за полагање на правосуден испит на лицата со попреченост | МП | - Изработена анализа за утврдување на потребата од измена Законот за правосудниот испит и/или подзаконскиот акт за полагање правосуден испит за лицата со попреченост. | 2022-2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Измена и диополнување на ЗСЗД со Законот за прекршоци | МТСП, МП | - Усогласен ЗСЗД со Закон за прекршоците | 2022-2026 |
| Измена и дополнување на Закон за административни службеници | МИОА | -Усогласување со ЗСЗД | 2022-2026 |
| Измена и дополнување на Закон за вработени во јавен сектор | МИОА | -Усогласување со ЗСЗД | 2022-2026 |
| Измена и дополнување на Закон за висока раководна служба | МИОА | -Усогласување со ЗСЗД | 2022-2026 |
| Измени и дополнување на Законот за полиција | МВР | - Усогласување со ЗСЗД | 2022-2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Измена и дополнување на Закон за гранична контрола и Измена и дополнување на<br><br>Закон за странци сл.97/18 и с.бр.108/19 чл.157 | МВР | -Усогласување со ЗСЗД<br><br>-Усогласување со ЗСЗД | 2022-2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Измена и дополнување на Кривичниот законик. | МП | - Усогласување со ЗСЗД во однос на проширување на заштитените основи од дискриминација вклучувајќи ги сите дискриминаторски основи од ЗСЗД или било која друга основа која е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор | 2022-2026 |
| **1.5. Специфични стратешки цели – пристап до добра и услуги** | | | |
| Измени и дополнување на Закон за градење | МТВ | - Усогласен со ЗСЗД | 2022-2026 |
| Измени и дополнување на Закон за домување | МТВ | - Вградени одредби за пристапност и достапност во согласност со меѓународните стандарди, и за функционирањето на Регулаторната комисија | 2022-2026 |
| Измени и дополнување на Закон за постапување со бесправни објекти | МТВ | - Усогласен со ЗСЗД | 2022 -2026 |
| Усогласување на Закон за медиуми | МИОА, МТСП | - Усогласен со ЗСЗД | 2022-2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | -Усогласен со чл.48 од Закон за аудио и аудиовизулни медиуски услуги | |
| Измени и дополнување на Закон за банки | МФ | -Вклучени анти-дискриминаторски одредби во законот | 2022- 2026 |
| Измени и дополнување на Закон за осигурување | МФ | -Вклучени анти-дискриминаторски одредби во законот | 2022- 2026 |
| Измени и дополнувања на Законот за локална самоуправа | МЛС | Додефинирање на статусот на Комисиите за односи меѓу заедниците на локално ниво | 2022-2026 |
| Измена на Одлуката за распределба на социјални станови како и условите за нивно користење изградени по програмата за изградба и одржување на станови сопственост на РСМ | МТС | Изменет правилник за доделување на социјални станови по принцип на еднаков пристап | 2022-2026 |

**Стратешка цел 2 Зајакнување на капацитетите, унапредување на работата и кординација на институционалните механизми за спречување и заштита од дискриминација и промовирање на еднаквите можности.**

**Моментална состојба:**

Недостасуваат *материјално технички капацитети*, во смисла на опрема, канцеларии и слично, но исто така е потребно ангажирање на *обучени лица* и *финансиски средства* за реализација на активности заради успешно спроведување на Стратегија и очекувани резултати од истата; како и во делот на формирање на база на податоци за спроведени обуки, обучени лица, обучувачи и материјали за обука;

| **Активност** | **Одговорни институции** | **Индикатори** | **Временска рамка** |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Воспоставување и развивање на мултисекторски координиран пристап за спречување и заштита од дискриминација | МТСП МОН, МТВ, МП, МЛС, МВР, МО ЗЕЛС, МИОА, МЗ, МФ, КЗСД, АОПЗ, МПСОЗ, СЕП, НП, АМС, СП, ГО | - Формирано НКТ; Број на одржани координативни состаноци; Воспоставен систем за следење и стандарден образец за известување и одобрува ње на годишните оперативни програми за имплементација на Стратегијата; Изработен и годишни извештаи за спроведувањето на Стратегијата; | 2022-2026 |
| Јакнење на механизмите за спречување и заштита од дискриминација со цел следење на имплементацијата на програмите и мерките кои промовираат еднаквост и недискриминација | МТСП МОН, МТВ, МП, МВР, ЗЕЛС, МИОА, МЗВ, МФ, КСЗД, АОПЗ, МПСОЗ, СЕП, НП, АМС, СП, ГО | Број на изработени извештаи и воспоставена база на податоци за обуки, обучени лица, обучувачи, и материјали за обуки | 2022-2026 |
| Изработка на две годишен оперативен план за спроведување на Стратегијата за еднаквост и недискриминација | МТСП, КСЗД, НКТ, НП, МПСОЗ, АОПЗ, АСЈО, МП, МЗ, МОН, МИОА, ДИТ, ЕЛС, СП, ГО | Изработен двегодишен оперативен план | 2022-2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Унапредување на соработка со ГО и користење на ресурсите на ГО за спроведување на Стратегијата. | МТСП МОН, МТВ, МП, МВР, ЕЛС, МИОА, МЗ, МФ, МО КСЗД, АОПЗ, МПСОЗ, СЕП, НП, АМС, ГО | -Број на потпишани меморандуми за соработка помеѓу државни институции и ГО на централно и локално ниво; - Спроведени заеднички активности за имплементација на заштитната функција на ЗСЗД; | 2022-2026 |
| Следење на спроведувањето на на постоечката законска рамка | НКТ, МТСП, КСЗД | - Изработени периодични и годишни извештаи; - Број на спроведени надзори од страна на надлежен инснпекторат; | 2022-2026 |
| Следење на спроведувањето на препораките за работата на институциите од страна на Европската комисија и Меѓународните тела за човекови права на СЕ и ООН | НКТ, МНР, МТСП МОН, МТВ, ЕЛС, КСЗД, НП, СП и ГО | Број на извештаи за спроведени препораки од меѓународни организации и договорни тела како што се КПД, УПИ, КЧП, КЕФДЖ, Спроведување на препораките за еднаква плата бр.100(1951); Спроведување на препораките по Конвенцијата за дискриминација дискриминација (вработување и занимање) бе.111(1958) - | 2022-2026 |
| Градење на капацитетите на вработените во институциите и организациите на централно и локално ниво преку подготвени е-курсеви за недискриминација | МТСП МОН, МТВ, ЕЛС, КСЗД, НП, СП, ГО, НКТ | - Број на реализирани основни и специјализирани обуки за вработените во државните и јавните институции за препознавање на дискриминацијата, како и расположливите заштитни механизми, Зајакнати | 2022-2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | капацитети на координатори за еднакви можности на жените и мажите во ОДУ и ЕЛС; -Број на напредните обуки со внесени меѓународните стандарди за човекови права и дизајнирани сообразно потребите на различни институции и за различни групи;<br>-Број на обуки за спроведување на прирачникот за<br>Упатството за државните органи за промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација | |
| Изготвување на годишни извештаи и на сеопфатен извештај за дискриминација во националниот контекст еднаш на секои две години. | МТСП, КСЗД, НП; АОПЗ, МОН, БРО, ГО. | Број на изработени извештаи за дискриминација на национално ниво | 2022-2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Формирање на база за податоци за број на обучени лица, обучувачи, матер ијали за обука | МТСП, НКТ | - База на податоци за спроведени обуки, обучени лица, обучувачи и материјали за обука, и нејзино редовно ажурирање и достапна на веб страна | 2022-2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Воспоставување на модел за соработка и унапредување на социјалниот дијалог и трипартритно креирање на политики во оваа област | СП, МТСП, ГО, НКТ | Воспоставен модел за соработка и реализирани планирани средби | 2022-2026 |
| Изработка на Водич за соодветно приспособување или Насоки за примена на инстер-секцискиот пристап | МТСП, ГО, КСЗД | Изработен Водич со насоки за примена на интер-секцискиот пристап | 2022-2026 |
| **2.1. Специфични стратешки цели - работа и работни односи** | | | |
| Информирање на работниците за нивните права во врска со заштита од дискриминација и вознемирување на работно место | МТСП, КСЗД, ГО и СП | - Број на реализирани обуки, семинари и информативни настани | **2022-2026** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Запознавање на работодавачите со правата на работниците и со нивните обврск во врска со превенција од дискриминација и вознемирување на работно место | МТСП, КСЗД, СП, ГО | Број на реализирани обуки,настани,семинари и информативни средби | 2022-2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Градење капацитетите ДИТ за препознавање на дискриминацијата. | МТСП, ГО, СП | Број на реализирани обуки, едукации и информативни настани | 2022-2026 |
| Информирање на СП Синдикатите, и Гранковите синдикати во врска со Законот за спречување и заштита од дискриминација со цел препознавање и идентификување на можни случаеви на дискриминација | МТСП, СП | - Број на одржани обуки на членови на синдикати; -број на учесници на обуките; | 2022-2026 |
| Следење на имплементацијата на принципот на правична застапеност на ромите и другите малцински етнички групи во пристапот при вработување | НП, КСЗД, НКТ, МТСП, СП, ГО | Број на годишни извештаи за правичната застапеност во вработувањето со анализа и обработени статистичкки податоци | |
| **2.2. Специфични стратешки цели - Образование, наука и култура** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Едукација на образовниот кадар, преку обезбедување на креирање специфични модули за наставниците за разбирање на концептот, а во насока на превенција на дискриминаторски практики во образовниот процес и промоција на еднаквоста и недискриминацијата. | МОН, БРО, МТСП, КСЗД, ГО | Број на реализирани едукации; Број на креирани специфични модули наменети за наставниците во насока на превенција на дискриминаторски практики во образивниот процес | 2022-2026 |
| Редефинирање на критериумите за финасирање на проекти на ГО од аспект на еднаквост и недискриминација. | МК, НКТ, МПС, | Утврдени критериуми за финансирање на проекти од Министертвото за култура во согласност со принципот за еднаквост и недисктиминација | 2022-2026 континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Редефинирање на критериумите за финасирање на проекти на ГО | МК, НКТ, | - Утврдени критериуми за финансирање на проекти од Министертвото за култура во согласност со принципот за еднакви можности и недисктиминација | 2022 - 2026 |
| Сукцесивно воведување на нови наставни програми и наставни материјали согласно Новата концепција за основно образование | МОН, ГО, МТСП, НКТ, БРО | Изработени нови наставни програми и наставни материјали врз принципот на родовата еднаквост и недискриминација, инклузивноста и мултикултурализмот | 2022-2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Сензибилизирање на вработените во средните и основни училишта за случаи на недискриминација, особено во мултиетнички оптшествени средини. | МОН , БРО | - Број на одржани обуки на вработени во образовни установи;<br>-број на учесници на обуките;<br>-резултати од евалуација од учесниците на обуките. | 2022-2020 |
| Обуки за препознавање на дискриминација за учениците во средните и основни училишта, со посебен акцент на училишта од мултиетнички средини. | МОН, НКТ, КСЗД, МТСП | - Број на одржани обуки на учениците во образовни установи; - број на учесници на обуките;<br>-резултати од евалуација од учесниците на обуките. | 2022-2026 |

**2.3. Специфични стратешки цели - Социјална сигурност (заштита, пензиско и инвалидско осигорување и здравство)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Обуки за концептот на еднаквост и недискриминација на вработените во ЦСР и установи под надлежност на МТСП. | МТСП, НКТ, КСЗД, ГО, МЗ, ИЈЗ РСМ | - Број на одржани обуки на вработените во ЦСР;<br>-број на учесници на обуките;<br>-резултати од евалуација од учесниците на обуките. | 2022-2026 |
| Генерирање знаења на согледување состојба за утврдување на на евентуална и дискриминација вознемирување стра на персоналот во и здравствените од институции | МЗ, КСЗД, НКТ, МТСП, ИЈЗ РСМ | - Спроведени тестирања на ситуација<br>- Спроведено истражување за дискриминација и вознемирување од страна на персоналот во здравствените институции | 2022-2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Унапредување на здравствената заштита за лица со ретки болести | МЗ , ИЈЗ РСМ | Спроведена Анализа за унапредување на здравствената заштита на лица со ректи болести | 2022-2026 |
| Унапредување на сервисите за поддршка за самостојно живеење на лицата со попреченост | МТСП, МЗ, ГО, ИЈЗ РСМ | - Спроведена Анализа за сервисите за самостојно живеење на лицата со попреченост | 2022-2026 |
| Унапредување на системот на социјална сигурност за лицата со попреченост, согласно КПЛХ | МТСП, МЗ, ГО, ИЈЗ РСМ | - Спроведена анализа на постоечки мерки во релевантното законодавство од оваа специфична цел за системот на социјална сигурност на лица со попреченост | 2020-2022 |
| **2.4 Специфични стратешки цели - правосудство и управа** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Воспоставување на систем за следење на примената во пракса на Правилник за здравствена и психофизичка способност за вработување во МВР | МВР | - Изготвени Периодични и годишни извештаи за примена во пракса<br>- Изменет Правилник за здравствена и психофизичка способност за вработување во МВР | 2022-2026 |
| Градење на капацитетите на суди и ЈО за товар на докажување и видови докази и форми на дискриминација | АСЈО, КСЗД, МТСП | - Број на спроведени обуки за товарот на докажување и видови докази и форми на дискриминација | 2022-2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Континуирани тематски обуки на судии и јавни обвинители како и на адвокатите за третман на лица со попреченост, деца со попреченост во образовниот систем, скриената родова дискриминација, говорот на омраза наспроти дискриминацијата индиректна дискриминација и тн. | АСЈО, КСЗД, МТСП, ГО | -Број на спроведени обуки за судии, јавни обвинители и адвокати<br>-Број на започнати и завршени постапки за претставки поврзани со дискриминацијазав | 2022-2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Сензибилизација на полициските службеници за недискриминација и расно профилирање. | МВР | - Број на одржани обуки на полициски службеници;<br>-број на учесници на обуките;<br>-резултати од евалуација од учесниците на обуките. | 2022-2026 |
| Изработка на Коментар на Законот за спречување и заштита од дискриминација. | МТСП, КСЗД, НКТ, ГО | Изработен коментар на ЗСЗД; | 2022-2026 |
| 3. 5. Специфични стратешки цели – пристап до добра и услуги | | | |
| Обезбедување на соодветен пристап до | МТСП, ЕЛС, МТВ | - Отворени пристапни и достапни сервиси за помош и поддршка на возрасни лица | 2022-2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| добра и услуги на сите возрасни групи | | - Подобрени услови на живеење во институциите кои вршат услуги на домување и заштита на сите возрасни групи<br>Воведена звучна сигнализација на семафорите. | |
| Непосредно активно вклучување на ЕЛС во препознавање на потребите на лицата со попреченост и нивно активно вклучување во сите процеси на локално ниво | МТСП, ЕЛС | - Донесени Акциски планови на ЕЛС за обезбедување на услови за непречен пристап за лица со инвалидност | 2022-2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Спроведување на законските одредби за непречен пристап и движење до и во градбите и во примената на стандардите и нормативите за урбанистичко планирање | МТВ, Инспекциски совет, ЕЛС, НКТ, ГО | - Број на извршен надзор над спроведувањето на законските одредби за непречен пристап и движење до и во градбите и во примената на стандардите и нормативите за урбанистичко планирање<br>-Број на отстранети пречки за непречен пристап | 2022-2026 |

**Стратешка цел 3 Подигнување на јавната свест за препознавање на формите на дискриминација и промовирање на концептот на недискриминација и еднакви можности**
**Моментална состојба: Сериозен проблем во моментот претставува непрепознавањето на дискриминацијата од страна на вработените во државниот и јавниот сектор. Неопходни се континуирани обуки, а имајќи ја предвид одговорноста на јавните органи за промоција на еднаквоста, државата треба да изгради системски приод за континуирана едукација на вработените во институциите.**

| **Активност** | **Одговорни институции** | **Индикатори** | **Временска рамка** |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Спроведување на континуирани активности за подигање на јавната свест за препознавање на формите на дискриминација како и јакнење на свеста за промовирање на концептот на недискриминација | МТСП, НКТ, МОН, МТВ, ЕЛС, КСЗД, НП, ЕЛС, СП, ГО | Број на кампањи за подигање на јавната свест на ранливите категории на граѓани, во однос на сите основи на дискриминација од ЗСЗД или било која друга основа предвидена со закон или меѓународен договор | 2022-2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Спроведување мерки за превенција од говор на омраза и насилство како и други видови дискриминација врз основа на етичка заедница, ЛГБТИ, лица со попреченост | КСЗД, НКТ, ГО, МТСП | Број на кампањи за подигање на јавната свест за спречување на говор на омраза и насилство Зголемен број на иницирани постапки по службена должност на КСЗД за дискриминација и вознемирување во пошироката јавност | 2022-2026 |
| Изработка на Анкета Евробарометар за еднакви можности | КСЗД, МТСП, НКТ | - Спроведена Анализа на состојбата со еднакви можности | 2023-2024 |
| Организирање на Партиципативни форуми со припадниците на етничките заедници | АОПЗ | - Воспоставена пракса на организирање на партиципативни форуми за детектирање на приоритетите на етничките заедници | 2022-2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Организирање на Отворени денови со ЕЛС со цел да се приближи КСЗД до граѓаните на локално ниво | КСЗД, НП, ЕЛС | - Воспоставена пракса на спроведување на отворени денови со ЕЛС за промоција на КСЗД на локално ниво | 2022-2026 |
| Отворање на локални канцеларии за информирање на граѓаните во врска со нивните прашања поврзани со потенцијална дискриминација и начинот на заштита | ЕЛС, ГО, КСЗД, НКТ | Број на отворени локални канцеларии во општините со цел побрзо и навремено информирање во врска со сите прашања поврзани со еднаквоста и недискриминацијата како и за постоеќките тела за заштита од дискриминацја | 2022-2026 |
| **3.1. Специфична стратешка цел-Работа и работни односи** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Подигање на јавната свест кој работодавачите во приватен и јавен сектор за дискриминација на жените поради нивна брачна состојба, возраст и состојба на бременост | МТСП, СП, ГО, ДИТ | - Број на реализирани Работни средби, јавни дебати, соопштенија во јавноста, со засилени контроли | 2022-2026 |
| Информирање на работниците за нивните права и концептот на недискриминација | МТСП, КСЗД, НП, СП, ГО | - Број на реализирани трибини, дебати, јавни настапи, објави во електронси и печатени медиуми, радио и ТВ емисии и сл. | 2022-2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Промоција на отворен пазар за труд како примарен за вработување на лицата со попреченост | МТСП, ГО, СП | Број на трибини,дебати,објави во електронски и печатени медиуми електронси и печатени медиуми, радио и ТВ емисии и сл. | 2022-2026 |
| Подигање на јавната свест кај работодавачите за еднакво вреднување на трудот на лицата со попреченост, како и врз основ на пол | МТСП, АВРСМ | - Број на реализирани дебати, јавни настапи, објави во електронси и печатени медиуми, радио и ТВ емисии и сл. | 2022-2026 |
| **3.2. Специфични стратешки цели - образование, наука, спорт и култура** | | | |
| Подигање на јавната свест на припадниците на заедниците под 20% за остварување на правото на редовна настава и изборен предмет на мајчин јазик | АОПЗ, ГО | - Реализирана Кампања за запознавање на правата, Прирачник, брошури, флаери | 2022-2026 |
| Подигање на јавната свест кај родителите и наставниот кадар за инклузивно образование за деца со попреченост | МОН, ГО | - Реализирана Кампања за запознавање на правата, Прирачник, брошури, флаери<br>- Број на спроведени дебати, трибини, јавни<br>- настапи | 2022-2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Организирање културни манифестации на припадниците на заедниците во РСМ | АОПЗ, МОН, БРО | - Реализирани Годишни културни манифестации | 2022-2026 |
| Промовирање на концептот за еднаквост и недискриминација на сите нивоа во образованието | МОН, БРО, ГО | - Број на спроведени средби, трибини и дебати во градинки, училишта, факултети<br>- Дистрибуира н едукативно пропаганден материјал подготовка и усвојување на интерни документи за спречување на дискриминација во училиштата за | 2022-2026 |
| **3.3. Специфична стартешка цел-социјална сигурност (заштита, пензиско-инвалидско осигурување и здравство)** | | | |
| Промовирање на еднаквост и недискриминација во социјалната сфера со фокус на родовиот концепт и родовата перспектива | МТСП, МЗ, ГО, НКТ, КСЗД | - Број на спроведени настани, средби, трибини и дебати со ранливи категории на граѓани | 2022-2026 |
| **3.4. Специфична статешка цел-правосудство и управа** | | | |
| Промовирање на еднаквост и недискриминација во пристапот до правда | МП, НП, КСЗД | - Број на реализирани дебати, јави настапи, прес конференции и сл. | 2022-2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Подигање на јавната свест и препознавање на дискриминација кај баратели на азил | МВР, МТСП | -Дистрибуиран информативно едукативен материјал за последиците од лажно барање на азил | 2022-2026 |
| Јакнење на капацитетите и компетентноста на службените лица за гранична контрола за принципот на недискриминација и расното профилирање | МТСП, КСЗД, МВР | - Број на реализирани едукативни работилници<br>- Информативно едукативен материјал | 2022-2026 |
| **3.5. Специфична статешка цел-пристап до добра и услуги** | | | |
| Промоција на пристапна и достапна средина и сервиси | МТСП, НКТ, МЗ, КСЗД | -Реализирана Кампања и дистрибуиран информативно едукативен материјал -<br>-Реализирана кампања за отварање на гинеколошки ординации во останатите општини во кои нема матичен гинеколог. | 2022-2026 |

## 4. МЕХАНИЗМИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ, НАБЉУДУВАЊЕ И ОЦЕНКА

Институции кои вршат спроведување на оваа НСЕН се Владата на Република Северна Македонија и нејзините надлежни институции.

Имајќи предвид дека НСЕН е подготвена транспарентно со активна партиципативност на голем број актери во утврдување на проблемите, целите и приоритетите во областите и основите на дискриминација, ќе се подготват годишни оперативни планови за операционализација на истата.

Оперативните планови за спроведување на оваа НСЕН и нејзините приоритети, ќе се донесат од страна на НКТ кое ќе има надлежност да ја

следи состојбата со дискриминација во Република Северна Македонија во сите области а особено спроведувањето на НСЕН.

Во оваа насока, Националното Кординативното тело, составена од претставници на соодветни државни институции и претставници на ГО, координирана од МТСП, ќе се состанува по потреба, ќе ги одобрува годишните оперативни програми и ќе изготвува годишни извештаи кои ќе ги доставува до Владата на Република Северна Македонија.

## 5. ФИНАНСИРАЊЕ

За реализација на НСЕН, остварување на стратешките цели и приоритети, финансиските средства ќе се планираат во годишните оперативни планови и истите ќе се обезбедат од хоризонталните буџети на институциите надлежни за нејзино спроведување односно од Буџетот на Република Северна Македонија.

Исто така ќе се користат и средствата од претпристапните фондови на ЕУ и од други меѓународни организации во соработка со ГО.